# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПА ДООЕЛ ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

# Годишен извештај за работењето на
# ЕВРОПА ДООЕЛ Штип

## I .Податоци за друштвото:

Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип со седиште на ул. д-р Слободан Јовановски бр. 3 Штип е основано од АД Макпромет на 28.04.1998 год.  . Друштвото ги има усогласено своите акти согласно Законот за трговски друштва и неговата регистрација е евидентирана во Центалниот регистар на Република Македонија.
Основна дејност на друштвото е производство и продажба на кондиторски производи со шифра на дејноста 15.84/0.
Во истото на крајот од годината има 82 вработени.

Друштвото квалитетите на своето работење ги потврдува со имплементација на сертификатите за квалитет ISO9001:2015 и HACCP/CODEX ALIMENTARIUS и IFS.

## II .Фактори кои влијаат врз работењето на друштвото

Општите услови на стопанисување на ниво на целата држава неминовно се рефлектира а и на работењето на Европа ДООЕЛ Штип. Покрај економскиот амбиент битно влијание на работењето имаше и:

- Зголемената конкуренција на пазарот;
- Долгогодишно градење на коректни односи со комитентите;
- Интересот за продолжување на соработката со голема доверба;

## III . Основни финансиски извештаи

Остварените финансиски резултати се прикажани во скратена форма во извештајот кој е даден во продолжение

### Извештај за добивка/загуба и останата сеопфатна добивка:

| | 31 декември 2023<br>000 МКД | 31декември 2022<br>000 МКД |
|---|---:|---:|
| **Приходи од продажба (вкупни)** | **323.109** | **250.094** |
| Приходи од продажба | 320.699 | 248.328 |
| Останати приходи | 2.410 | 1.766 |
| Промена на залихата | 8.501 | 1.628 |
| **Вкупни расходи од работењето** | **314.333** | **245.918** |
| **Финансиски приходи** | **1.085** | **309** |
| **Финансиски расходи** | **5.308** | **2.595** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **13.054** | **3.519** |
| Останата сеопфатна добивка | / | / |
| Данок на добивка | **1.563** | **452** |
| **Нето добивка за деловната година** | **11.491** | **3.067** |

Состојбата на друштвото поврзана со средствата, обврските и главнината е претставена во продолжение во скратената форма на:

**Извештајот за финансиската состојба**

| | 31декември 2023<br>000 МКД | 31 декември 2022<br>000 МКД |
|---|---|---|
| Нематеријални средства | 845 | 1.021 |
| Материјални средства | 105.021 | 75.164 |
| Долгорочни финансиски средства | 53,064 | 53,064 |
| **Вкупно нетековни средства** | **158.930** | **129.249** |
| Залихи | 82.274 | 69.689 |
| Побарувања од купувачите | 55.485 | 54.874 |
| Краткорочни финансиски средства | 3.445 | 52.142 |
| Останати побарувања и АВР | 2.259 | 7.268 |
| Парични средства | 436 | 1.930 |
| **Вкупно тековни средства** | **143.899** | **185.903** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **302.829** | **315.152** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **315.152** | **315.152** |
| Главнина | **341** | **341** |
| Резерви | 812 | 812 |
| Акумулирана добивка | 116.080 | 113.013 |
| Добивка за деловната година | 11.491 | 3.607 |
| Нетековни обврски | 38.464 | 25.260 |
| Тековни обврски | 135.641 | 172.659 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **302.829** | **315.152** |

## IV.Анализа на основните финансиски показатели

Во 2023 год. Друштвото оствари позитивен финансиски резултат во износ од 13.054 илјади ден. Позитивниот финансиски резултат е поголем од минатогодишниот за износ од 9.538 илјади ден.

Остварените вкупни приходи во 2023 година во износ од 324.194 илјади ден. се состојат од:

- Приход од продажба на производи на домашниот пазар во износ од 30.981 илјади ден.
- Приходи од продажба на производи на странскиот пазар во износ од 286,912 илјадиден.
- и останати приходи во износ од 6.301 илјади ден.

Вкупните расходи од работењето изнесуваат 314,333 илјади ден. и се состојат од:

- Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија во износ од 200.791 илјади ден.
- Набавна вредност на продадени стоки во износ од 9.387 илјади ден.

- Набавна вредност на продадени материјали во износ од 972 илјади ден.
- Услуги кои имаат карактер на материјални трошоци во износ од 28.431 илјади ден.
- Останати трошоци од работењето во износ од 18.600 илјади ден.
- Трошоци за плати и други надоместоци на вработените во износ од 49.997 илјади ден.
- Амортизација на материјални и нематеријални средства во износ од 4.273 илјади ден.
- Останати оперативни трошоци во износ од 1,880 илјади ден.

Вкупната актива на друштвото изнесува 302,829 илјади ден. Од овој износ на нетековните средства отпаѓаат 158,930 илјади ден, а на тековните средства 143,899 илјади ден. Друштвото има нови инвестиции во износ од 62,158 илјади ден

Вкупната пасива изнесува302,829 илјади денари.
Од овој износ главнина и резерви изнесуваат 128,725 илј.ден, долгорочните обврски се во износ од 38.464 ијлади денари, тековните обврски се во износ од 37.465 илјади денари .

## V.Политика на управување со ризиците

Во своето работење Европа ДООЕЛ Штип е изложена на повеќе видови финансиски ризици како што се: пазарен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидноста.
Кај ризикот промена на пазарните цени, Европа ДООЕЛ Штип е изложен на ризикот за промена на цената на суровините кои ги набавува од странство врз кој ентитет нема влијание, а ковид пандемијата го зголемува ризикот уште повеќе.
Друштвото е изложено и накредитниот ризик поради неможноста на време да се наплатат побарувањата од купувачите.
Но и покрај вавките ризици Друштвото во 2023 година немаше проблеми со ликвидноста односно на време ги извршуваше своите обврски спрема доверителите.

## VI. Развој на друштвото во 2024 година

Во 2024 год. ДООЕЛ Европа Штип ќе го насочува кон зголемување на приходите од продажба на производи и услуги, преку задржување на

постојните клиенти и привлекување на нови потрошувачи на неговите производи со максимално ангажирање на вработените, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетот.
Со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот во земјата и во странство ќе се создадат претпоставки за остварување на поголем позитивен финансиски резултат.

Макпромет АД Штип
Одбор на директори
Виолета Николова
Ленче Ѓоргиева
Миле Атанасов